Бр./Nr 12-618/1
02-02-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 27-та седница одржана на 23.01.2026 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-3038/1 од 26.11.2024 година, оформен по доставена пријава против службените лица ----, овластен градежен инспектор при Општина ----и ----, Државен управен инспектор, **СЕ ЗАПИРА.**

Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека наводите од пријавата не се потврдуваат, поради што нема основ за натамошно постапување согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-3038/1 од 26.11.2024 година како завршен да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија од страна на познат подносител, на ден 26.11.2024 година, е поднесена пријава против лицата ----, Овластен градежен инспектор при Општина ----и ----, Државен управен инспектор, по која е оформен предмет со бр. 12-3038/1 од 26.11.2024 година. Пријавителот наведува дека првопријавениот подолг период работел противзаконски и несовесно, ја одолговлекувал постапката и на два пати донесувал решенија спротивно на напатствијата дадени од Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на

инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, додека за второпријавената се наведува дека го штитела првопријавениот, поради тоа што не преземала никакви мерки за одолговлекувањето на постапката од страна на првопријавениот и не доставила никакво известување до пријавителот за дополнителни инспекциски дејствија, односно за извршен вонреден инспекциски надзор.

Државната комисија заради проверка на наводите и правилно утврдување на фактичката состојба достави Барање за доставување на податоци и информации бр. 12-1093/2 од 17.03.2025 година до Државниот управен инспекторат, кој со допис за Достава на податоци и инспекциски акти арх. бр. Ип1 бр. ---- од 22.04.2025 година, извести дека по претставки од пријавителот ---- од ---- во Државниот управен инспекторат биле оформени два предмети кои биле распределени во работа кај управниот инспектор ---- со број ИП1 ---- од 29.04.2024 година и ИП1 ---- од 16.09.2024 година и дека биле извршени два вонредни инспекциски надзори во Општина ----.

Имено , по поднесена преставка – иницијатива за вонреден надзор ИП1 бр. ---- од 29.04.2024 година, бил извршен вонреден инспекциски надзор за што бил составен Записник Ип1 Број: ---- од 13.05.2024 година, за подносителот на иницијативата бил уредно известен за исходот на постапката на ден 15.05.2024 година. При инспекцискиот надзор бил извршен увид во следните документи и списи на предметот:
-Записник од извршен инспекциски надзор. Ип1 бр. ---- од 02.09.2021 година и Решение Ип1 бр. ---- од 15.09.2021 година, на овластен градежен инспектор при Општина ---- , доставени на ден 10.09.2021 година, 23.09.2021 година, согласно со член 82 и член 83 од Законот за инспекциски надзор,
-Известување до подносителот на иницијативата Ип1 бр. ---- од 16.09.2021 година, согласно со член 72 од Законот за инспекциски надзор,
-Жалби против решение Ип1 бр. ---- од 15.09.2021 година, поднесена на ден 05.10.2021 година, и 08.10.2021 година, од страна на субјектите на инспекцискиот надзор, на овластениот градежен инспектор,

-Решение Ип2 бр. ---- од 17.03.2023 година, од страна на второстепен орган, со која жалбата на едниот подносител се уважува, а решението Ип1 бр---- од 15.09.2021 година, се поништува и предметот за враќа на повторна постапка пред првостепениот орган.
-Записник за извршен инспекциски надзор, Ип1 бр. ---- од 08.02.2024 година, доставен до субјектот на надзорот на ден 14.02.2024 година.
-Решение Ип2 бр. ---- од 17.02.2022 година од страна на второстепен орган, со која жалбата на вториот подносител се уважува, а Решението Ип1 бр. ---- од 15.09.2021 година, се поништува и предметот за враќа на повторна постапка пред првостепениот орган.
-Записник за извршен инспекциски надзор, Ип1 бр. ---- од 06.02.2024 година, доставен до субјектот на надзорот на ден 15.02.2024 година, и Решение Ип1 бр. ---- од 15.02.2024 година, доставено на ден 26.02.2024 година,
-Жалба поднесена на ден 13.03.2024 година, до второстепениот орган, која со писмен допис на ден 16.04.2024 година, ја доставува до првостепениот орган општина ----, овластен градежен инспектор, заради евентуално постапување по истата.
-Писмен допис доставување - враќање на жалбата поднесена на ден 13.03.2024 година, а против решение Ип1 бр. ---- од 15.02.2024 година на овластен градежен инспектор, до второстепениот орган, која на денот на составувањето на записникот на ден 13.05.2024 година, е испратена до второстепениот орган.

При инспекцискиот надзор, управниот инспектор констатирал дека од страна на овластениот градежен инспектор е постапено по решенијата на второстепениот орган, со што се донесени инспекциски акти: Записник за извршен инспекциски надзор, Ип1 бр. ---- од 08.02.2024 година и Записник за извршен инспекциски надзор, Ип1 бр. ---- од 06.02.2024 година и решение Ип1 бр. ---- од 15.02.2024 година, по што управниот инспектор заклучил дека поради тоа што не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзорот, нема да се преземат инспекциски мерки.

Од страна на управниот инспектор биле преземени дополнителни инспекциски дејствија врз основа на претставка ИП1 бр. ---- од 16.09.2024 година каде биле изнесени нови факти и докази кои не биле познати во претходното постапување, а кои би довеле до поинаква фактичка состојба. Имено, од страна на управниот инспектор бил извршен вонреден инспекциски надзор, видно од Записник за извршен инспекциски надзор Ип1 Број: ---- од 20.09.2024 година, при што бил извршен непосреден увид во следните документи и списи на предметот:
-Решение Ип2 бр. ---- од 13.06.2024 година, донесено од страна на второстепениот орган (Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен), а против Решение Ип1 бр. ---- од 15.02.2024 година, на овластен градежен инспектор (пријавеното службено лице ----, овластен градежен инспектор при Општина ----), со кое жалбата се уважува, а решението се поништува и предметот се враќа на повторна постапка пред првостепениот орган.
-Записник за извршен инспекциски надзор Ип1 бр. ----од 24.07.2024 година, каде се утврдени недостатоци, примен на ден 05.08.2024 година и Решение Ип1 бр. ---- од 19.09.2024 година, со кое е изречена инспекциска мерка опомена за отстранување на градба.
-Известување до подносителот на иницијативата Ип1 бр. ---- од 17.09.2024 година, за текот на инспекциската постапка.

При инспекцискиот надзор, управниот инспектор, меѓудругото го констатирал и фактот дека од страна на овластениот градежен инспектор било постапено по решението на второстепениот орган, односно се донесени инспекциски акти: Записник за извршен инспекциски надзор, Ип1 бр. ---- од 24.07.2024 година и Решение Ип1 бр. ---- од 19.09.2024 година, по што одлучил дека нема да се преземат инспекциски мерки, но му укажал на овластениот градежен инспектор, при водењето на инспекциската постапка, во иднина да ги почитува роковите утврдени во член 82 и член 83 од Законот за инспекциски надзор.

По извршен увид во целокупната доставена документација, се утврди дека пријавеното службено лице ----, Државен управен инспектор, постапила во рамки на својата законска надлежност утврдена со Законот за управната

инспекција, при што презела соодветни инспекциски дејствија и ги донела потребните инспекциски акти, за што подносителот на иницијативата бил уредно известен.

Од записниците за извршен вонреден инспекциски надзор над постапувањето на службеното лице ----, овластен градежен инспектор при Општина ----, произлегува дека од страна на надлежниот државен управен инспектор, во рамки на управната контрола која го опфаќа надзорот над примената на Законот за општата управна постапка, Законот за инспекциски надзор и другите закони што содржат одредби за управната постапка, при што не се оценува законитоста на донесените управни акти, не се констатирани неправилности во неговото постапување.

Во однос на законитоста на донесените управни акти, незадоволната странка имала на располагање редовни и вонредни правни средства, односно право на жалба до надлежниот второстепен орган во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, како и право да поведе управен спор со поднесување тужба пред надлежниот Управен суд.

Со оглед на наведеното, се утврдува дека наводите од пријавата не се потврдуваат и дека не постојат елементи за натамошно надлежно постапување од страна на Државната комисија, поради што истата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Претседател,
Адем Чучуљ

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата